Република Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
БИРО ЗА МЕТРОЛОГИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: | 10.05.2010 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број | Прилог | Вредност |
| 0302 | 2130/1 | | |

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

**Бр. 25-3688/ 8**
**30.04.2010 година**
**Скопје**

Министерот за економија врз основа на член 205 став (1) од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/05 и 110/08), член 56 став (1) од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија" бр. 140/08) и член 15 став (4) точка 1 од Правилникот за единечно одобрување на возило („Службен весник на Република Македонија" бр.16/10), постапувајки по барањето на Друштвото за одржување и поправка на моторни возила „ПАУЕР СПОРТ СИСТЕМ" ДОО Скопје бр.25-3688/1 од 21.04.2010 година , донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ТЕХНИЧКА СЛУЖБА**

За вршење на работите, единечно одобрување на возило од категориите L, M, N, O, согласно член 2 став (1) од Правилникот за единечно одобрување на возило („Службен весник на Република Македонија" бр.16/10), на правното лице Друштвото за одржување и поправка на моторни возила „ПАУЕР СПОРТ СИСТЕМ" ДОО Скопје за Инспекциско место 1 „Скопје-Пинтија".

О б р а з л о ж е н и е

Друштвото за одржување и поправка на моторни возила „ПАУЕР СПОРТ СИСТЕМ" ДОО Скопје, до Министерството за економија поднесе барање со кое бара овластување за техничка служба за вршење на работите согласно член 2 став (1) од Правилникот за единечно одобрување на возило. Кон барањето се поднесени следните документи: Предлог за овластување за вршење дејност - техничка служба од органот за одобрување – Бирото за метрологија бр.1509-939/2 од 29,04.2010 година; Сертификатот за акредитација на инспекциско тело бр.ИТ-026, заведено под бр.08-176 од 20.04.2010 година издаден од Институтот за акредитација на Република Македонија; доказ за упис во Централниот регистар на Република Македонија бр.0807-9/932 од 22.02.2010; копии од обрасците М1/М2 за дипл. Маш. инг.- Смер моторни возила Сашко Кимов, дипл. Маш. инг.- Смер моторни возила Гоце Пехчевски и дипл. Маш. инг.- Смер моторни возила Горан Спиркоски; Договор за деловен простор заверен на нотар бр.УЗП2920/10 од 30.04.2010 година; Известување за располагање на опрема за испитување на возила бр.03-43/8 од 20.04.2010 година, доказ за склучен договор за осигурување бр.01065442 од 22.02.2010 година, доказ за позитивен бонитет бр.09-04/10/144 од 20.01.2010 година од Централен регистар на Република Македонија; и Решение бр. 11-4082/2 од 26.03.2010 година за одобрување на елаборат за заштита на животната средина , издадено од Министерството за животна средина.
Министерството за економија, постапувајки по поднесеното барање и одредбите од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија" бр.140/08) и Правилникот за единечно одобрување на возило („Службен весник на Република Македонија" бр.16/10), утврди дека барањето е основано.

Врз основа напред изнесеното, а согласно член 56 став (2) од Законот за возила се донесе решение како во диспозитивот.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО :** незадоволната странка од ова решение може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на истото до Комисијата на Владата на Република Македонија за решавање на управни работи во втор степен од областа на економијата.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА * МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА * СКОПЈЕ *

*МИНИСТЕР,*
*Фатмир Бесими*